Јавно претпријатие
Ndërmarrje publike
Бр.Nr. 03-546/1
26.02
KUMANOVO 6

Врз основа на член 65 член 66 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на РСМ„ бр. 175/19), ВД Директорот на ЈП Водовод Куманово донесе:

О Д Л У К А
За определување на офицер за безбедност на класифицирани информации

1. Лицето Маргица Ѓорѓиевска, вработено на работното место КДР0305Б03004 Геометар соработник во Одделение за урбанистичко планирање,ГИС и проектирање во ЈП Водовод Куманово се определува за офицер за безбедност на класифицирани информации во ЈП Водовод Куманово.

2. Офицерот за безбедност на класифицирани информации е должен:
- да се грижи за спроведување на одредбите од овој закон и на ратификуваните меѓународни договори во врска со безбедноста на класифицираните информации во субјектот,
- квартално да ги проверува евиденциите и протокот на материјалите и документите,
- да се грижи за правилно и навремено спроведување на архивирањето и ништењето на класифицирани информации,
- да ја спроведе постапката за доставување барања за издавање на безбедносен сертификат во рамките на субјектот и да води евиденција на лицата за кои е спроведена постапка,
- да ја извести Дирекцијата за истекот на безбедносните сертификати, престанок на работењето или прераспоредување на корисниците на класифицирани информации,
- да ја извести Дирекцијата за потребата за промена на степенот на безбедносниот сертификат,
- да ја известува Дирекцијата, во писмена форма за секоја промена на податоците во безбедносниот прашалник или промена на условите за добивање на безбедносен сертификат за кои знаел или можел да знае дека настанала,
- да ги евидентира случаите на неовластен пристап до класифицирани информации или нивно компромитирање и на преземени дејствија и веднаш да ја извести Дирекцијата за таков случај и дејствие,
- да ги информира корисниците на класифицирани информации најмалку еднаш годишно за правата и обврските при ракување со класифицирани информации,
- да обезбедува стручна помош при класификацијата на информацијата во субјектот,
- да организира обука за корисниците на класифицирани информации во субјектот за заштита на класифицирани информации.

За работите кои ги врши офицерот за безбедност на класифицирани информации изработува годишен план за работа, кој го доставува до одговорното лице на одобрување.

3. Офицерот е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи во согласност со закон,

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Изготвил::Александар Владевски

ЈП Водовод Куманово
ВД Директор

Игор Липковски